Ceresit

# TS 70
## MEGA

### Еднокомпонентна PU пиштолска пена со висок со висок принос

## КАРАКТЕРИСТИКИ

Еднокомпонентна полиуретанска пена која се стврднува при допир со влага. Лесно се користи со специјален апликатор за пена. Притисокот за ширење и стврднување се избалансирани за погодно и точно дозирање за време на нанесување. Стврднатата пена е полукрута/мека и не е погодна за монтажа на врата и прозорци без анкери. Пената има одлична адхезија на различни градежни материјали, дрво, бетон, камен, метал и сл. Крајниот резултат сепак зависи од условите за работа - температура и влажност на воздухот, расположлив простор за ширење на пената и тн. Производот не содржи CFC погонски гасови. Конзервата има вентил кој придонесува за долготрајност и квалитет на производот.

## НАНЕСУВАЊЕ

**Подготовка на подлогата**

Подлогата мора да биде стабилна, чиста и без супстанци кои може да го намалат лепењето. За да обезбедите целосно и еднакво стврднување на пената, пред нанесување навлажнете ги минералните и порозни подлоги ( цигли, бетон, вар) со вода. Соседните подрачја заштитете ги со фолија. Површините може да бидат влажни но не и смрзнати.

**Температура на нанесување**

- Работна температура од 5°C до + 35°C.
- Температура на производ од 5°C до + 35°C

Се препорачува производот да се чува на собна температура најмалку 12 часа.

**Метод на нанесување**

• Силно измешајте го производот пред употреба (15-20 пати)

• Цврсто завртете го пиштолот за нанесување на лименката

• Кога користите пиштол за нанесување, производот се држи наопаку. Користење во друга положба е можно доколку се започне и заврши работата со лименка во обратна положба. Брзината на нанесување може да се прилагоди со притискање и пуштање на пиштолот.

• Пената се нанесува рамномерно за да се избегне прекумерно излевање. При нанесување редовно мешајте го производот. Ова е задолжително кога лименката не е свртена наопаку.

• Не ја отстранувајте лименката додека не е целосно празна. При замена на лименката, силно промешајте ја новата лименка. Отстранете ја старата лименка и веднаш заменете ја со нова за да бидете сигурни дека нема воздух во пиштолот.




• Ако не сакате да ја замените лименката, отстранете ја пената од пиштолот со помош на CERESIT TS 100 средството за чистење на пур пени. Стврднатата пена може да се отстрани само механички.

**Ограничувања**

Постојат ограничувања во однос на максималната ширина на фугите со оглед на температурата на воздухот и нивото на влажност.

• Во суви услови (во зима, во простории со централно греење и сл.) за да се постигнат најдобри структура и својства на пената, се препорачува пополнување на празнини и фуги во неколку слоја (до 3-4cm дебелина) со благо хидрирање помеѓу секој слој.

• Во многу суви услови (ниски температури, загреани простори и сл.) пената може да биде кревка непосредно по нанесувањето. Оваа кревкост е привремен ефект и ја снемува после некое време или после загревање. Кога пената е флексибилна, не станува повторно кревка ни при ладни температури.

Проверете го повторно упатството за складирање и ракување.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Лица алергични на дизоцијанат може да развијат алергиска реакција при користење на овој производ. Луѓе кои патат од астма, екцем или имаат кожни проблеми, треба да избегнуваат секаков контакт со овој производ. Овој производ не треба да се користи во услови на лоша вентилација, освен ако се користат заштитни маски со соодветен филтер за гас (тип А според стандардот SRPS EN 14387) Разредувачите кои се наоѓаат во производот испаруваат при работа и нивното испарување може да предизвика создавање на експлозивно или високо запаливи смеси во воздухот. Трудници треба задолжително да избегнуваат вдишување на овој производ, како и контакт со кожа. Во случај на контакт со кожа со свежа пена, веднаш отстранете ја пената механички, на остатоците нанесете масло за готвење. Стврднатиот производ може да се отстрани само механички.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Густина на пена<br>TM 1002: 2014 | 13-17 kg/m$^2$ |
| Време до лепење<br>TM 1014: 2013 | 5-7min |
| Време на сечење<br>TM 1005: 2013 | 20-30min |
| Притисок на стврднување<br>TM 1009: 2013 | <6 kPa |
| Дополнително ширење | 40-70% |
| HENK-PU-14.2 | макс. +/- 15 % |
| Стабилност<br>TM 1004: 2013 | Услови на испитување: навлажнете фуга макс. +/- 5% |
| Максимална ширина на фуга<br>TM 1006: 2013 | 5 cm<br>Услови на испитување: +5°C, + 35°C |
| Цврстина \| Издолжување при пукнатини<br>TM 1012: 2015 | 40 - 50 kPa \| околу 60% |
| Цврстина на компресија 10%<br>TM 1011: 2013 | 25 - 45 kPa |
| Против пожарна класа<br>EN 13501 | F. |
| Апсорција на вода 24h<br>EN 1609 | Не е мерено.<br>Приближна вредност од мак 1 % може да се користи за пресметки |
| Апсорција на вода 28 дена<br>EN 12087 | Приближна вредност макс. 10% може да се користи за пресметки |
| Звучна изолација<br>EN ISO 10140 | Не е мерено.<br>Приближна вредност од 60dB може да се користи за пресметки |
| Топлотна спроводливост<br>DIN EN 12667: 2001 | Не е мерено.<br>Приближна вредност 0,037 ... 0,040 V / m*K може да се користи за пресметки. |
| Принос по лименка<br>TM 1003: 2013 | 870 ml: макс. 59 L |

- Отпорност на стврднатата пена на температура: -40°C...+90°C, краткорочни вредности до +120°C.

Сите мерења се во нормални климатски услови.
(+23 ± 2°C | RH 50 ± 5%) доколку не е поинаку наведено.

## ПАКУВАЊЕ

Боца 870ml.

### ГЛАВНИ ПРИМЕНИ

- Изолација на оквири на врати и прозорци
- Попонување на големи шуплини и заптивање
- Звучна изолација
- Пополнување шуплини околу цевки
- Изолација на ѕидни плочи

### ВНИМАНИЕ

Стврднатата PU пена мора да се заштити од UV зраци и фарбање или нанесување на горен слој на средство за заптивање, гипс малтер или друг вид на облога.
Лепливоста на производот е слаба на полиетилен, тефлон и некои други пластични површини.

## РОК НА ТРАЕЊЕ/СКЛАДИРАЊЕ

Пред истекот на 18 месеци.

За најдолг рок на траење избегнувајте складирање на температури над + 25°C и под + 5°C (до - 20°C на краток период) Секогаш чувајте ја лименката со вентилот нагоре. При транспорт на лименката во автомобил, завиткајте ја лименката во крпа во багажниот простор.

Информациите во овој технички лист, вклучувајќи ги и препораките за ракување со овој производ, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Производот може да има различна примена и да се користи во различни услови кои се надвор од наша контрола. Поради тоа, Henkel, не е одговорен за погодноста на нашиот производ, за производните процеси и усволивте во кои вие ги користите, како и за крајните резултати. Наша препорака е да извршите претходни испитувања за да ја потврдиде погодноста на нашиот производ.

Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа.